ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2017 ГОДИНА НА ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ПРОГРАМИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, СОПСТВЕНО УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЦЕНАТА НА ЗДРАВСТВЕНАТА УСЛУГА И ДРУГИ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ

01 2018 06 03/2

**Скопје, јануари 2019**

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 10 |
| Финансиски извештаи за 2017 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 11 |
| Биланс на состојба | 12 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 13 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 14 - 17 |
| Сметководствени политики | 18 - 19 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 19 - 23 |

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број: 17 – 43/2

Дата: 15.01.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија (во понатамошниот текст - Клиниката) на сметката за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (во понатамошниот текст – сметка за сопствени приходи) за 2017 година.

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2017 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2009 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики. Со ревизијата за 2017 година беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2009 година кој е даден како прилог кон извештајот за сметката за средствата од Фондот.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Клиниката за 2017 година констатирани се повеќе слабости во начинот на спроведување на клиничките испитувања. Имено, не е донесена интерна процедура со која јасно ќе се утврдат правата, должностите и активностите на Клиниката и вработените кои

произлегуваат од клиничките испитување, не е дефиниран процентот на средства кои ќе се одвојуваат за Клиниката од вкупниот буџет на клиничките испитувања, не е регулиран односот и начинот на распределба на средствата помеѓу Клиниката и учесниците во клиничките испитувања и не е обезбедена транспарентност, контрола и следење на активностите поврзани со клиничките испитувања.

Со направениот попис на 31.12.2017 година не е утврдена старосната структура побарувањата, не се утврдени причините за нивната ненаплатеност и не се дадени предлози за начинот на постапување со застарените ненаплатени побарувања .
За надминување на утврдените состојби до одговорните лица на Клиниката ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16 – 148/5 од 26.11.2018 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија на сметката за средства за сопствени приходи, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2009 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Клиниката застапувано од:

- проф. д-р Лидија Чевреска, в.д. медицински директор до 04.08.2017 година;
- Д-р Ирина Пановска Ставридис, в.д. медицински директор од 04.08.2017 година;
- Маја Дерменџиев, организациски директор од 07.10.2016 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од

точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со

ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија .

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 18.06.2018 до 30.08.2018 година од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките**

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите за 2009 година и изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, како и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики. Со ревизијата за 2017 година беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2009 година кој е даден како прилог кон извештајот за сметката за средствата од Фондот.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој Извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 19.09.2018 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 16 – 148/5 од 26.11.2018 година.

**Констатирани се следните состојби:**

## 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во работењето на Клиниката во минатите години се спроведувани клинички испитувања.[1] Иницирањето и финансирањето на клиничките испитувања ги врши институција – спонзор, преку овластен застапник во Република Македонија. Одговорен за спроведувањето на клиничките испитувања е главен истражувач, вработен во здравствената установа во која се одвива клиничкото испитување. Активностите и начинот на постапување на Клиниката, надлежните органи, главниот истражувач, членовите на истражувачкиот тим како и испитаниците за учество во клиничкото испитување се уредени со законски и подзаконски акти.[2]

Во 2015 година на Клиниката се започнати две клинички испитувања за пациенти кои во 2017 година се во фаза на набљудување, кога пациентите редовно се јавуваат на Клиниката за контроли.

Со увидот во начинот на кој се спроведувани клиничките испитувања и приложената документација констатиравме дека:

- не е донесена интерна процедура со која јасно ќе се утврдат правата, должностите и активностите на Клиниката и вработените кои произлегуваат од клиничките испитувања и не е воспоставена пракса да се регулираат односите помеѓу главниот истражувач, истражувачкиот тим и Клиниката. Исто така активностите поврзани со клиничките испитувања не се предвидувани во Годишните програми за работа на Клиниката и истите не се одобрени од страна на Управниот одбор. Наведеното не е во согласност со член 100 став 5, член 114 став 1 од Закон за здравствена заштита, член 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници како и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор;
- документацијата која се генерира при спроведување на клинички испитувања не се евидентира и архивира во деловодните книги на Клиниката. Договорите со спонзорот не се одложени кон целокупната документација за работењето на Клиниката и истите се чуваат од страна

[1] Клиничко испитување е истражување на луѓе наменето за откривање или потврдување на клиничките фармаколошки и/или другите фармакодинамски дејства на испитуваниот производ, и/или утврдување на нуспојави и/или испитување на апсорбцијата, распределбата, метаболизмот и излачувањето, со цел утврдувањето на нештетливоста и/или делотворноста на испитуваниот производ.

[2] Законот за лековите и медицинските средства, Законот за здравствената заштита, Правилникот за начинот и постапката за клиничките испитувања на лековите и содржината на документацијата и Уредба за добра клиничка пракса.

на главниот истражувач. Службата за економско сметководствено работење ги нема потребните информации за планирање на очекуваните приходи од студиите во финансискиот план и во текот на 2017 година не се евидентирани приходи по овој основ. Поради тоа оневозможено е динамиката на следењето на наплатата на истите, особено што извештаите за извршените активности главниот истражувач ги доставува само до спонзорот, но не и до Службата за економско сметководствено работење за изготвување на фактури и евидентирање на настанатите побарувања. Наведеното не е во согласност со член 19 од Законот за архивски материјал и одредбите од Уредбата за канцелариското и архивското работење, член 2 и 7 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници како и буџетските начела за транспарентност и сигурно финансиско управување предвидено со член 3 од Законот за буџетите.

- во двете клинички испитувања главниот истражувач е раководното лице на институцијата кој воедно е и потписник на договорот со спонзорот, во својство на главен истражувач и одговорно лице на институцијата. Имајќи ја предвид содржината и обврските на сите инволвирани страни кои произлегуваат од Договорот, преклопувањето на функциите односно делегирањето на повеќе функции кај едно лице не обезбедува разграничување на одговорностите при спроведување на испитувањата. На овој начин не се обезбедени ниту контролни механизми кои ќе гарантираат исполнување на поединечните обврски и утврдување на правичен паричен надоместок за Клиниката. Особено што во важечката законска регулатива не е дефинирано процентуалното учество на средства од вкупниот буџет на клиничките испитувања кои треба да бидат приход на здравствените установи во кои се спроведуваат истите. Наведеното не е во согласност со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и овозможува користење на привилегирана положба и субјективно одредување на буџет за Клиниката.

Поради наведеното постои ограничување на надлежностите на органите на управување и раководење и нетранспарентност во спроведување на клиничките испитувања како и субјективизам при утврдувањето на буџетот за Клиниката и распределбата на средствата.

Во текот на ревизијата од страна на Управниот одбор на Клиниката донесен е Правилник за начинот и постапката на клиничките испитувања на ЈЗУУК за хематологија бр. 09-768/2 од 22.08.2018 година во кој се имплементирани укажувањата на ревизијата и предвидено е при секое клиничко испитување да се одвојуваат средства за Клиниката во висина од 20% од буџетот за испитувањето.

**Препорака**

Одговорното лице и органот на управување при донесување на актите за потребата од спроведување на клиничките испитувања и склучување на договор на истите да обезбедат уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу инволвираните страни, разграничување на надлежностите, утврдување на правичен надоместок на клиниката и законитост во постапката.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со извршената ревизија на преземените активности за вршење попис и Извештајот изготвен од Централната пописна комисија за извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата со состојба на 31.12.2017 година, ревизијата го констатира следното:

- со донесената Одлука за усвојување на попис од страна на Управниот одбор прифатени се предлозите на пописната комисија и извршени се сметководствените корекции на предлозите за расход во вкупен износ од 422 илјади денари без да се донесе одлука за начинот на постапување со расходуваните средства;
- извршениот попис на побарувањата е извршен со преземање на податоците од сметководствената евиденција при што не е утврдена старосната структура на истите ниту пак е утврдено дали се преземени мерки од страна на одговорните лица за ненаплатените побарувања.

Од вкупните побарувања во износ од 52.756 илјади денари, 37.047[3] се побарувања по основ на пресметана партиципација по програмите за здравствена заштита од Министерството за здравство и побарувања од пациенти кои потекнуваат од минати години.

- не е направен попис на позицијата 230 Примени аванси во износ од 2.800 илјади денари кои се по основ на уплатени средства за лечење на странски лица и потекнуваат од минати години и кои согласно Законот за облигациони односи се застарени и треба да се отпишат.

Поради наведеното ревизијата констатира дека при извршениот попис не е обезбедено доследно почитување на одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници и член 42 Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост,

[3] 34.660 илјади денари од Министерството за здравство и 2.387 илјади денари од пациенти.

што има влијание врз реалното и објективно прикажување на одредени позиции во финансиските извештаи на Фондот.

**Препорака**

Органите на управување и раководење да преземат мерки со кои ќе ги задолжат одговорните лицата да ги преземат следните активности:

– да се направи детална анализа на старосната структура на побарувањата кои потекнуваат од минати години и да се даде предлог на Управниот одбор на Клиниката за начинот на постапување на застарените побарувања и обврски;
– расходувањето на средствата и нивно бришење од евиденцијата да се врши врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 4.1. и 4.2., кои претставуваат основ за изразување мислење е:

– невоспоставен систем на контроли и слабости во начинот на спроведување на клиничките испитувања;
– непреземени активности за целосно вршење попис на застарените побарувања и обврски и давање предлози за начинот на постапување со истите.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1 и 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1 и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 5.044 | 4.504 |
| Трансфери и донации | 3.975 | 6.086 |
| **Вкупно приходи** | **9.019** | **10.590** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 7.794 | 6.481 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7.794** | **6.481** |
| **Капитални расходи** | **579** | **230** |
| **Вкупно расходи** | **8.373** | **6.711** |
| **Вишок на приходи над расходи** | **646** | **3.879** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2017 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 646 | 3.879 |
| Побарувања | 52.756 | 49.338 |
| Побарувања за даноци, придонеси и други давачки | 7 | 8 |
| Активни временски разграничувања | 33.585 | 23.331 |
| **Вкупно тековни средства** | **86.994** | **76.556** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | |
| Материјални средства | 919 | 661 |
| **Вкупно капитални средства** | **919** | **661** |
| **Вкупна актива** | **87.913** | **77.217** |
| **Пасива** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 50 | 40 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 5 | 4 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 2.875 | 2.874 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 30.655 | 20.413 |
| Пасивни временски разграничувања | 53.409 | 53.225 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **86.994** | **76.556** |
| **Извори на капитални средства** | | |
| Извори на капитални средства | 919 | 661 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | **919** | **661** |
| **Вкупна пасива** | **87.913** | **77.217** |

## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА
**на сметка за сопствени приходи (531)**

во 000 ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2017 година** | **661** | - | **661** |
| **Зголемување по основ на:** | **602** | **1.310** | **1.912** |
| Набавки | 579 | 1.310 | **1.889** |
| Ревалоризација на капитални средства | 23 | | **23** |
| **Намалување по основ на:** | **344** | - | **344** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 14 | | **14** |
| Амортизација | 330 | | **330** |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **919** | **1.310** | **2.229** |